Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 19 став 2 точка 16 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на општина Берово на 53-та седница одржана на 28.11.2024 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## За одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2025 година

**Вовед**

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на општина Берово за 2025 година, има за цел да го прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на градот, заштитните подрачја и спортско рекреативните центри и уредување на нови зелени површини, како и начинот на нивно финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларни прегледи, опфатени со Годишната програма за работа на извршителот на програмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкција на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

**Органшација на одржување на јавното зеленило**

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардите и биотехничките нормативи.

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на јавното зеленило на подрачјето на градот Берово и одржување на јавно зеленило во вонградски појас.

1 .Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Берово дел се врши интензивно, а дел екстензивно.Под интензивно одржување подлежат следните зелени површини:

1.1. Парковски зелени површини
1,2.Зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен интерес
1.3. Влез на Берово-Ул.„Маршал Тито"до раскрсница со ул.„Моша Пијаде"
1.4. Плоштад „Димитар Беровски"-прва,втора и трета фаза
1.5. Зеленило по ул.„Партизанска"
1.б.Зеленило по ул.„Борис Кидрич"
1.7.Зеленило по ул.„23 Август"
1.8.Зеленило по ул.„Моша Пијаде"

Под интензивно одржување подлежат дрворедите, зелените површини околу детските игралишта во градот.

Динамиката и интензитетот на одржување на јавното градско и вонградско зеленило ќс се уреди согласно со Оперативната програма, истото се врши согласно со прегледите кои сс составни дслови на Програмата, со кои ќе се вградат сите елементи иа одржување на градското и вонградското зелснило со сите негови пропратни делови како и мерки за негово збогатување и реконструкција.

1.1 **Во парковски површнни** спаѓаат следните површини:

| | |
|---|---|
| - Парк прсд општинско Собрание | 870 м² |
| - Парк кај градски стадион | 7.820 м² |
| - Парк кај стара гимназија | 8.000 м² |
| - Парк позади Автобуска станица-стамбен комплекс.... | 200 м² |
| - Парк на Кеј на Младина-стамбен објект | 4.200 м² |

- Американски парк ........... 11.500 м²
- Парк кај СИЗ(социјално) 2.850 м²
- Парк пред Детска градинка 100 м²
- Мал парк на ул.11 Октомври 30 м²
- Парк ул.Неретва 200 м²
- Парк околу црква св.Ѓорѓи 100 м²
- Парк наспроти сточен пазар-стамбени блокови 4.450 м²
- Парк кај Основен суд . 200 м²

Мал парк кај Музеј (стар суд) 30 м²

Мал парк на Ул.„М.Тито"кај Мустраќинци 20 м²

**ВКУПНО .....................** **40.570** м²

**1.2.Други зелени површини**

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

- Ул.„Маршал Тито"- од раскрсница со ул.„Мирче Ацев"до влезот на АД„Алкалоид" и од плоштад „Д.Беровски " до раскрсница со ул.„Моша Пијаде" 2.500 м² -
- Ул.„Партизанска" 1.030 м²
- Ул.Ѓорѓи Димитров" .. 540 м²
- Ул.„Партизанска"од ПСдо раскрс.Ѓ.Димитов со канал 750 м²
- Ул.„Дамјан Груев"........ 1.500 м²
- Ул.„Моша Лијаде".......... 2.500 м²
- Ул.„Неретва"со мал парк Детско игралиште 2.200 м²
- Ул.„Малешка"................ 225 м²
- Кеј на река Брегалница од двете страни 1.600 м²
- Ул.„Задарска"................. 300 м²
- Ул.„Димитар Влахов".... 650 м²
- Ул.„Крушевска република" 600 м²
- Ул.„Ѓуро Гаковиќ" 1.200 м²
- Ул.„Вељко Влаховиќ"со канал 2.500 м²
- Ул.„Борис Кидрич" 1.500 м²
- Ул.„11 Октомври" 1.200 м²
- Зеленило на „23 Август "со канал 500 м²
- Ул.„Туристичка" 200 м²
- Ул„Страшо Пинџур" 300 м²
- Зелен појас од Ловен дом до спојка со ул.„Страшо Пинџур" 200 м²

**ВКУПНО.....................** **21.995** м²

**1.3. Други зелени површини кои се косат еднаш до два пати во годината --- 45,000** м²

| | |
|---|---|
| Ул ,, М. Тито ,, - од Шумско стопанство до кружен тек | 2 Пати |
| Ул ,, Дамјан Груев ,, - од Фебо до Датекс | 2 Пати |
| Ул од Датекс до Алкалоид | 2 Пати |
| Улици на Којова ливада | 2 Пати |
| Улица на Брдославица ( позади бензинска пумпа) | 1 |
| Ул ,, Марксова,, | 1 |
| Ул ,, Енгелсова, | 1 |
| Ул,, Дедо Иљо Малешевски,, | 1 |
| Ул ,,Козара, , | 1 |
| Ул,, Мирче Ацев ,, од раскрсница со ул,, Страшо Пинџур,, и Чучурски канал | 2 Пати |
| Ул ,, Гоце Делчев,, | 1 |
| Ул,, Сремска, | 1 |

Ул ,, Белградска,, 1

Ул ,, Бел Камен,, 1

Улица од кафтанци до Црква ,,Св Богородица,, И патека од Црква до излез за браната – 1 во годината пред празникот

Улица и канал кај Тони Димовски до детско игралиште во ромско маало 2 Пати

Улици во Ромско маало 2 Пати

Ул ,,Братство Единство,, 1

Ул ,,Јуриј Гагарин,, 1

Ул,, Балканска, 1

Скали на Турски гробишта 2 Пати

Излез на Берово од Стопанство до Излез за Струмица 2 Пати

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ

| **Ред. број** | **Вид операција** | **Единца мера** | **количина** | **Број на операции** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | $м^2$ | 62.565 | 11 |
| 2 | Собирање на искосена трева и греблање | $м^2$ | 62,565 | 11 |
| 3 | Припрема на цветни површини | $м^2$ | 300 | 3 |
| 4 | Садење на сезонски цвеќиња | $м^2$ | 2.320 | 4 |
| 5 | Прскање со инсектициди на сезонско цвеќе | $м^2$ | 2.320 | 3 |
| 6 | Окопување на грмушки | бр. | 50 | 2 |
| 7 | Кроење на дрвореди.оформување на крошни и украсни грмушки и нивно негување | бр. | 150 | 2 |
| 8 | Окопување на цвеќиња(ружи) | бр. | 20 | 4 |
| 9 | Кроење на цвеќиња(ружи) | бр. | 20 | 2 |
| 10 | Чистење на зел. површини од листови и др. | $м^2$ | 30.000 | 5 |
| 11 | Залевање на зелени површини | $м^2$ | 30.270 | 34 |
| 12 | Сечење на ивици по стази | м | 26.295 | 2 |
| 13 | Собирање на отпад со износ | $м^2$ | 15.550 | 36 |
| 14 | Прихрана со вештачки ѓубрива | кг. | 500 | 2 |
| 15 | Расад за сезонско цвеќе | бр. | 5.000 | 3 |
| 16 | Вода потрошена за залевање | $м^3$ | *2* 300 | 34 |
| 17 | Одржување на дрвореди | бр. | 150 | 2 |
| 18 | Отстранување и сечење на дотраени стебла | По потреба | По потреба | По потреба |

ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИ ОПЕРАЦИИ-КАЛЕНДАРСКИ

| ред-бр. | Работни операции по месеци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | Вкупно Опер. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење на трева | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 11 |
| 2 | Рачно косење на трева | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 11 |
| 3 | Собирање на искосена трева | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | 11 |
| 4 | Сеење,одржување и пикирање на расад | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | 3 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Припрема на цветни површини | | | 1 | 1 | | | | | | 1 | | | 3 |
| 6 | Садење иа сезонски цвеќиња | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 4 |
| 7 | Прскање на сезонско цвеќе со заштитни средства | | | 2 | 2 | 1 | | | | | | | | 5 |
| 8 | Уредување на грмушки | | | | | 1 | | | | | 1 | | | 2 |
| 9 | Кроење на дрворед и оформување на крошни со украсни грмушки и нивно негување | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 2 |
| 10 | Окопување на цветни површини | | | | | | 1 | 1 | | | | | | 2 |
| 11 | Чистење на зелени површини од листови и др. | | | | | | | | | 1 | 2 | 2 | | 5 |
| 12 | Залевање на зелени површини | | | 1 | 1 | 5 | 7 | 7 | 8 | 5 | | | | 34 |
| 13 | Уредување на стази во паркови | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 2 |
| 14 | Собирање со изнесување на отпад | | | | 1 | 2 | 2 | 2 | | 1 | 2 | 2 | 2 | 14 |

## ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ЈПКР„Услуга"Берово.

ЈПКР„Услуга" Берово изготвува Годишна програма за работа, која ги содржи површините, основните операции и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата на реони и катастерски преглед на секоја од површините, како и потребните средства.

За подигањето на ново јавно зеленило и реконструкција на деградирано јавно зеленило, Општина Берово , покрај ЈПКР„Услугз" може да вклучи и други правни лица, одбрани преку јавен повик.

## НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата, согласно Одлуката за комунален ред на општина Берово врши Одделениеto за комуналии работи при Општина Берово.

Инспекциски надзор, согласно Одлуката за комунален ред , врши општинскиот комунален инспектор.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите за одржување на јавното зеленило, предвидени со оваа програма, се врши од Буџетот иа општина Берово Програма Ј7 каде што се предвидени средства во висина од 1.250.000,00 денари,

- Одржување јавно зеленило на (паркови,улици,плоштади, кеј,шеталишта и други јавни површини) ______________________________________________________ 1.050.000,00 денари
- Подигање и реконстуирање на јавни зелени површини ______________ 200.000,00денари

ВКУПНО : ______________________________ 1.250.000,00денари

Средствата за одржување на јавно зеленило предвидени во програмата се обезбедуваат од надоместок за јавно зеленило во Општина Берово.

Делот за подигање и реконстуирање на јавни зелени површини се финансира преку Програмата за уредување на градежно земјиште за 2025 година.

Цените за работите околу одржувањето,подигањето и реконструкцијата на зеленилото,кои ги врши ЈПКР„Услуга"Берово се дефинирани согласно важечките ценовници за ваков вид на услуги.

Бр.09-3952/1
28.11.2024 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
ПРЕТСЕДАТЕЛ
с.р. ПЕТАР РУЖИНСКИ